**20212744378**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 став (7) од Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 7 декември 2021 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАТУС НА СТРАТЕШКИ ИНВЕСТИЦИОНЕН ПРОЕКТ

Член 1

Со оваа одлука проектот „Грид-тиед солар плант“ на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги РИНУАБЛ ПАУЕР ИНТЕРНАТИОНАЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Борис Трајковски 24 лок. 16, Скопје, со ЕМБС 7462921 и ЕДБ 4058020536902, поднесен со Барање за добивање на статус на стратешки инвестиционен проект со бр. 02-1167/14 од 8.11.2021 година, по објавен јавен повик на 31.1.2021 година, се утврдува со статус на стратешки инвестиционен проект.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12275/1
7 декември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.